# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXVII<br>Број 8<br>Куманово<br>12 јули<br>2022 г. | Претплата за 2022 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |
|---|---|---|

**311.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување и планирање на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување и планирање на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово, Бр. 09 – 5643/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 12 јули 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-5915/1
12 јули 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**312.**

Врз основа на член 8, став 1, алинеи 1, 3, 6, 8, 9 и 10 од Уставот на РСМ, член 22, став 1, точка 1 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 12 јули 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување и планирање на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово**

Во Одлуката за спроведување на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово, бр.09-8741/35 од 27 декември 2017 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 17/17), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово, бр.09-

3091/10 од 04 мај 2018 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 6/18) и Одлуката за дополнување на Одлуката за спроведување и планирање на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово, бр. 09-4318/10 од 08 јули 2019 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 8/19), се вршат следните измени и дополнувања:

Член 1

Во членот 1, по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
„По исклучок на став 1 од овој член, за сите градежни парцели во граница на градежен реон на град Куманово, лоцирани вон централно градско подрачје, во кои се планира изградба на објект со намена А2-домување во станбени згради, како слободностоечки објекти од П+8 и повеќе ката, ( за донесени урбанистички планови П+7+Пк и повеќе ката) на парцели поголеми од 500м$^2$, максимален процент на изграденост на градежната парцела може да изнесува 30%“.

Член 2

Членот 2, се менува и гласи:
„При спроведување на сите донесени урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, не се дозволува зголемување на процент на изграденост на градежната парцела до 50%, односно 30%, доколку со важечката документација е планиран помал процент на изграденост на градежната парцела од 50%, односно 30%.“

Член 3

По членот 2, се додава нов Член 2-а, кој гласи:
„При изготвување и спроведување на сите донесени урбанистички планови поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира или е планиран како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проекти посебно-како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата.“

Член 4

Во членот 5, став 1, точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите:
“во дел од градежна парцела каде не се предвидува никаква подземна и надземна градба.“

Член 5

По членот 5, се додава нов Член 5-а, кој гласи:
„Подземна градежна линија при изработка и спроведување на урбанистички планови, ја дефинира површина за градење под котата на теренот, која може да зафати најмногу до 80% од градежната парцела.

Во површината дефинирана со подземна градежна линија влегуваат сите градби под котата на терен, како и пристапните рампи и сите други видови на пристапи до подземното ниво.“

Член 6

Членот 9, се менува и гласи:
„Одредбите од оваа Одлука ќе се применуваат при изработка и донесување на сите урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, по денот на влегување во сила на оваа Одлука.

Оваа Одлука ќе се применува во сите постапки за добивање на одобрение за градење отпочнати по денот на влегување во сила на истата, кои се однесуваат на спроведување на донесени урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, како и за сите барања за кои не е издадена „Потврда за заверка на проектна документација“ во врска со добивање на одобрение за градење во електронскиот систем Е-Одобрение за градење.

По исклучок на став 2 од овој член, одредбите од оваа Одлука не се применуваат за градби за кои веќе има издадено одобрение за градење и е започната градбата на објектот.“

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 5643/4 Совет на Општина Куманово
12 јули 2022 година Претседател,
Куманово **Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**313.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 109, став 3, 4 и 5, член 115, став 1 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) и Известување од директорот на ООУ „Вера Которка“ с.Клечовце , Тоде Михајловски бр. 03-66/1 од 01.06.2022 година заведено во Општина Куманово под бр.УП1 08-2473 од 02.06.2022 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово**

1. Мандатот на директор на Општинско Основно Училиште ,,Вера Которка“ с.Клечовце Куманово, Тоде Михајловски, престанува поради неположен испит за директор во рокот утврден во член 109 став 5 од Законот за основното образование;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-2473 од 07.06.2021 година.
3. Решението влегува во сила од 06.06.2021 година и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-2473 од 07.06.2021 година, Тоде Михајловски беше избран за директор на ООУ ,,Вера Которка“ с.Клечовце Куманово, со мандат од 4 години. Во точка 3 од Решението е наведено дека именуваниот директор е должен да го положи испитот за директор за основно училиште во рок од една година од денот на изборот за директор, согласно член 109, став 3, 4 и 5 од Закон за основното образование. По добиеното Известување од директорот на ООУ „Вера Которка“ с.Клечовце, Тоде Михајловски бр.03-66/1 од 01.06.2022 година заведено во Општина Куманово под бр.УП1 08-2473 од 02.06.2022 година, кој известува дека го нема положено испитот за директор на основно училиште во рокот утврден според законот, Градоначалникот според надлежноста утврдена во наведениот закон, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08-2473/2021 Градоначалник
06 јуни 2022 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**314.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1, и 118 став 1, 3 и 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр.161/19, 229/20), а по поднесено Известување од директор на ООУ „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово бр03-66/1 од 01.06.2022 година заведена во Општина Куманово под бр.УП1 08-2473 од 02.06.2022 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност директор на**
**Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Андријана Аскелиевска**, дипломиран психолог, на работно место психолог во ООУ„Вера Которка“ с.Клчечовце Куманово, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на мандат на директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово. Согласно Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност директор на училиштето. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>**Правна поука**</u>: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08- 4049
07 јуни 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**315.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на вршител на должност директор на**
**Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово**

1. Вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово, **Светлана Јовановиќ**, престанува поради истек на периодот за кој е именуван;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-2702 од 09.12.2021 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.08-УП1-2702 од 09.12.2021 година, Светлана Јовановиќ беше именувана за вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово , за

период до шест месеци од денот на именување. Согласно наведените одредби за надлежностите на Градоначалник на Општина утврдени во Законот за основно образование, Градоначалник на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1- 08 – 2702/2021 Градоначалник
09 јуни 2022 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**316.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност директор на**
**Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Сандра Зојчевска**, магистер по музички науки, на работно место наставник по солфеж и теорија во УОМО „Панче Пешев“ Куманово, за вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово;
2. Вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово. Согласно Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност директор на училиштето и едно лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должност директор на основно училиште. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08 - 4138 Градоначалник
13 јуни 2022 година на Општина Куманово
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**317.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 92-а, став 1 и 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ Бр.44/1995,

24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор на Средно Општинско Училиште Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово**

1. Училишниот одбор на Средно Општинско Училиште Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово, да објави јавен оглас за избор на директор на ова училиште;
2. Во објавениот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на јавно средно училиште, потребната документација, времето на траењето на огласот и рокот во кој ќе се изврши изборот.
3. Јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
4. По објавувањето на јавниот оглас од ова Решение, Градоначалникот на Општина Куманово писмено да биде известен за објавениот јавен оглас.
5. Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. УП1 08- 4110
9 јуни 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово
**Максим Димитриевски, с.р.**

**318.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 109, став 6, член 115, став 1 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово**

1. Мандатот на директор на Општинско Основно Училиште ,,Бајрам Шабани“ Куманово, Мустафа Ебиби, престанува поради истек на периодот на мандатот за кој е избран;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-5414 од 14.06.2018 година.
3. Решението влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-5414 од 14.06.2018 година, Мустафа Ебиби беше избран за директор на ООУ ,,Бајрам Шабани“Куманово, со мандат од 4 години. Согласно одредбите од Законот за основното образование за периодот на траењето на мандатот на директор на основно училиште, Градоначалникот според надлежноста утврдена во наведениот закон, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. УП1 08- 5414/2018
14 јуни 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**319.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1, и 118 став 1 и 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Мустафа Ебиби**, дипломиран професор по физичка култура, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на мандат на директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово. Согласно Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност директор на училиштето. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08- 4146
14 јуни 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**320.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 109, став 6, член 115 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19 и 229/20) и Предлог за кандидат за директор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате бр.03 – 95/1 од 21.06.2022 година, наш арх.бр. 22 – 5317/3 од 22.06.2022 година, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово**

1. Мандатот на директор на Општинско Основно Училиште ,,Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово, Шпенд Мухтари, престанува поради избор на директор на ова училиште;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1 - 7023 од 04.07.2018 година.
3. Решението влегува во сила со 03.07.2022 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-7023 од 04.07.2018 година, Шпенд Мухтари беше избран за директор на ООУ ,,Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово, со мандат од 4 години. По доставен Предлог за кандидат за директор на ООУ „Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово бр.03 – 95/1 од 21.06.2022 година, наш арх.број 22 – 5317/3 од 22.06.2022 година и според надлежноста на Градоначалник на Општина, утврдена во Законот за основното образование Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08-7023/2018
30 јуни 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**321.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 109 и 115 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20), Предлог за кандидат за директор на ООУ „Битолски Конгрес“ с.Лопате бр. 03 – 95/1 од 21.06.2022 година, наш арх.бр. 22 – 5317/3 од 22.06.2022 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на директор на**
**Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Шпенд Мухтари**, Дипломиран професор по одделенска настава на албански наставен јазик, за директор на Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово;
2. Мандатот на директор од точка 1 на ова Решение трае четири години;
3. Решението влегува во сила со 04.07.2022 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 115, став 4 од Законот за основното образование, Училишниот Одбор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово објави јавен оглас за избор на директор. По спроведена постапка согласно истиот член, Училишниот Одбор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово до Градоначалникот на Општина Куманово достави Предлог за канидат за директор на ООУ „Битолски Конгрес“ с.Лопате бр. 03 – 95/1 од 21.06.2022 година, (заведен во Општина Куманово под бр. 22 – 5317/3 од 22.06.2022 година), и тоа за Шпенд Мухтари.

Констатирајќи дека претходната постапка е водена согласно закон, како и утврдувајќи дека предложениот канидат ги исполнува условите за директор на

општинско основно училиште, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.УП1 08-4516
30 јуни 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**311.** Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување и планирање на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово........................................ 275

**312.** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување и планирање на површини за градење со намена А2 на парцели лоцирани вон централно градско подрачје во граница на градежен реон на град Куманово........................................ 275

**313.** Решение за констатирање престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово..................... 277

**314.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово........................................ 277

**315.** Решение а констатирање престанок на вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование ,,Панче Пешев“ Куманово............. 278

**316.** Решение за именување на вршител на должност директор на Училиште за основно музичко образование „Панче Пешев“ Куманово..................................... 279

**317.** Решение за објавување на јавен оглас за избор на директор на Средно Општинско Училиште Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово... 279

**318.** Решение за констатирање престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово................ 280

**319.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово............... 281

**320.** Решение за констатирање престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово............................................ 281

**321.** Решение за именување на директор на Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово........................... 282